**20181061969**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐☐

☐Врз основа на член 56 став 1 точка 3 во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на 17 мај 2018 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ ВО СТРАНСТВО ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за превоз на осигурено лице во странство во болничката здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија” број 131/2009, 65/2010 и 99/2011), насловот на одлуката се менува и гласи „Одлука за утврдување на референтни цени за превоз на осигурено лице во специјалистичко - консултативна и болничката здравствена заштита“.

Член 2

Во Одлуката во членот 2, кај табелата по услугата ТДС06 се додава следната табела:

| **Шифра** | **НАЗИВ НА УСЛУГАТА** | **Референтна цена** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| ТДС07 | Превоз со санитетско возило во земјата од 50 до 100 км (во два правци) | 1.600 |
| ТДС08 | Превоз со санитетско возило во земјата од 101 до 150 км (во два правци) | 2.400 |
| ТДС09 | Превоз со санитетско возило во земјата од 151 до 200 км (во два правци) | 3.150 |
| ТДС10 | Превоз со санитетско возило во земјата над 201 км (во два правци) | 4.000 |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-7655/3
18 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Верица Проковиќ,** с.р.